ADING

# ИНТЕНЗИФИКАТОР-АМ

*Додаток наменет за подобрување на мелливоста на клинкерот*

## Област на примена:

Во процесот на производство на цемент, Интензификатор АМ се користи за подобрување на ефикасноста на мелењето на клинкерот. При производство на цементи со класа од CEM I до CEM V според EN 197-1.

## Својства:

- Зголемување на капацитетот на мелницата за 15-30% во зависност од карактеристиките на материјалот кој се меле;
- Намалена потрошувачка на енергија во процесот на производство на цемент;
- Подобрени физички својства на сомелениот материјал;
- Зголемување на насипната густина на материјалот;
- Намалено згрутчување на материјалот при складирање.

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Тип: | Воден раствор на амински компоненти |
| Изглед: | Темно кафена течност |
| Неиспарливи компоненти на 105°C | (65,0±3,25)% |
| Запреминска маса: | (1,08±0,02) g/cm$^3$ |
| Содржина на хлориди: | <0.1% |
| pH-фактор: | 12±1,0 |
| Температура на мрзнење: | <-15°C |
| Температура на вриење: | >100°C |

## Начин на употреба и дозирање:

Со цел да се утврди оптималното дозирање на Интензификатор-АМ потребно е да се извршат индустриски проби. Дозирањето на Интензификатор-АМ се движи од 150 до 500g на тон материјал кој се меле.
Дозирањето на Интензификатор-АМ може да се врши со директно додавање во мелницата или со распрскување непосредно пред влезот во мелницата со автоматски дозатор.

## Ефект од предозирање:

Предозирањето може да доведе до намалување на почетните јакости кај цементот.

## Складирање:

Во оригинално затворено пакување, на температура од -15°C до 40°C и заштитен од директно влијание на сончеви зраци.

## Пакување:

Рефус и Пластични контејнери 1000kg

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И МАЛТЕРИ

ОПАСНОСТ ПО ЗДРАВЈЕТО: Да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или во очи потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
ПОЖАР: Интензификатор-АМ претставува незапаллива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
ЧИСТЕЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ: Чистењето на остатоци од Интензификатор-АМ е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: + 389 / 02 2034 821
**www.ading.com.mk**